РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање мислење заведено, со кое се бара мислење, дали во Комисијата за верификација на посебни програми и акредитација на установи/институции при ЈУ Центар за образование на возрасни, која е составена од еден член од редот на вработени и двајца надворешни стручни лица кои се избираат врз основа на утврдени критериуми согласно Законот за образование на возрасните и јавен оглас, дали постои судир на интереси при поднесени пријави на стручни надворешни соработници доколку се во роднински врски или сопружници со дел од вработените во ЈУ Центар за образование на возрасни, дали учеството на надворешните стручни лица кои имаат роднинска врска со вработени во институцијата е дозволено, и доколку е под кои услови и дали е потребно изземање на лицата или преземање други мерки за обезбедување на транспарентност и непристрасност во постапката .

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Согласно член 8 став (2) од истиот Закон, под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со член 73 и 75 од истиот Закон е предвидено пријавувањето на состојба на судир на интереси од страна на службените лица, како и нивно изземање во ситуации каде постои судир на интереси или потенцијален судир на интереси и тоа:
„Член 73
(1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.
(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.
(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.“

„Член 75
(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.
(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.“

Со член 22 став (4) од Законот за образование на возрасни ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 17/11, 51/11, 74/12, 41/14, 144/14, 146/15, 30/16 и 64/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ 3/25) е пропишан начинот на формирањето на Комисијата за верификација на посебни програми и акредитација на установи / иституции и тоа:
„(4) Комисијата за верификација е составена од три члена и тоа, еден член од Центарот и два члена стручни лица од областа на поднесената посебна програма за верификација. Претседателот на Комисијата за верификација е членот од Центарот.
Критериумите за избор на член се пропишани со став 6:
(6) Стручните лица, членови на Комисијата за верификација, треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да имаат најмалку високо образование од областа на поднесената посебна програма за верификација и
- да имаат најмалку пет години работно искуство во настава во областа на поднесената посебна програма за верификација или најмалку десет години работно искуство во областа на поднесената посебна програма за верификација.

(7) Центарот објавува јавен оглас за избор на стручни лица за членови на Комисија за верификација, кој трае во текот на целата година и го објавува на својата интернет страница за да формира база од стручни лица од пријавените стручни лица.
(8) Изборот на стручни лица кои се внесуваат во базата од став (7) на овој член, ја врши трочлена комисија, од редот на вработените во Центарот, формирана од директорот на Центарот.“

Согласно горецитираните одредби, Државната комисија смета, доколку вработени лица во ЈУ Центар за образование на возрасни се дел од трочлената комисија која го врши изборот на стручните лица за нивно внесување во база, ќе настане состојба на судир на интереси ако тие лица се нивни блиски лица, по што истите треба да постапат согласно член 73 и член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**